# ***С О О П Ш Т Е Н И Е***

ЗА ЗАВЕРКА НА ***ЛЕТНИОТ СЕМЕСТАР*** ВО УЧЕБНАТА ***2023/2024*** година **ЗА СИТЕ РЕДОВНИ СТУДЕНТИ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ** НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

---

1. Заверката на летниот семестар во учебната 2023/2024 година, за сите редовни студенти ќе се врши во периодот од

**01.07.2024 година (понеделник)**

**до 05.07.2024 година (петок)**

**И ТОА ВО ТЕРМИНИТЕ:**

- **Студентите од I година 01.07.2024 година (понеделник)**
- **Студентите од II година 02.07.2024 година (вторник)**
- **Студентите од III година 03.07.2024 година (среда)**
- **Студентите од IV година 04.07.2024 година (четврток)**
- **Студенти на втор циклус студии 05.07.2024 (петок)**

  - **При заверката на семестарот потребно е поднесување пополнет семестрален лист за летниот семестар.**

**<u>УСЛОВИ ЗА ЗАВЕРУВАЊЕ НА СЕМЕСТАРОТ</u>**

1. Студентот може да го завери летниот семестар само ако ги исполнил академските обврски за сите предмети што ги запишал во дадениот семестар.

- Потврда за исполнети академски обврски за предмет претставува добиен потпис од наставникот во индексот на студентот и во електронскиот I KNOW систем.

2. Семестарот може да се завери и без потпис за предметите за што се плаќа **НАДОМЕСТ од 3,33 евра за секој кредит за нереализирана обврска на предмет (6 кредити x 3,33 евра = 19,98 евра од предмет, во денарска противвредност), односно надомест од 6,66 евра за секој кредит за нереализирана обврска на предмет (6 кредити x 6,66 евра = 39,96 евра од предмет, во денарска противвредност) за студентите запишани во квота кофинансирање**, на жиро-сметката на Факултетот (незаверените предмети не може да се полагаат, уплатата се врши за да можат да се заверат останатите, реализирани потписи).
3. Студентот нема право да ги полага испитите по предметите за кои не ги исполнил академските обврски (нема потпис). Овие предмети, студентот е должен да ги презапише и ислуша во следната учебна година.

- Сите редовни студенти **ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОПОЛНУВААТ СТУДЕНТСКА АНКЕТА** ЗА ЛЕТНИОТ И ЗИМСКИОТ СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 година ДОСТАПНА НА СЛЕДНИОТ ЛИНК

Систем за самоевалуација - UkimSurveys.Web

***НАПОМЕНА:*** **СТУДЕНТИТЕ ОД ПРВА ГОДИНА ТРЕБА ДА ИМААТ ДОКАЗ ВО ИНДЕКСОТ ЗА ОБАВЕН СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕД ЗА ТЕКОВНАТА ГОДИНА ЗА ДА ЈА ЗАВЕРАТ ПРВАТА ГОДИНА.**

ЖИРО СМЕТКАТА НА ФАКУЛТЕТОТ :

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-СКОПЈЕ, Ж.С. 160010454578810, со ТРЕЗОРСКА СМЕТКА 100000000063095 и ПОВИКУВАЧКИ БРОЈ 723012, ПРОГРАМА 41, НАЧИН 1, СО НАЗНАКА: ЗА ЗАПИШУВАЊЕ / ПОТПИСИ, ПРИМАЧ: НАРОДНА БАНКА НА РСМ.

ОД ДЕКАНАТОТ НА ФЗНХ